

Борис Сарафов (12 јули 1872 - 28 ноември 1907) бил македонски револуционер, раководител и војвода. Бил водач на Врховниот Македонски Комитет (ВМК), а после го напушта и станува еден од водачите на Внатрешната Македонско-Одринска Револуционерна Организација. Во текот на Илинденското востание е член на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ, заедно со Даме Груев и Атанас Лозанчев.

Борис Сарафов е роден во село Либјахово (денес село Илинден, Гоце Делчевско), во Пиринска Македонија. Тој потекнува од преродбеничко семејство - и татко му и чичко му се борат против грчката духовна хегемонија во Македонија. Основното училиште го завршува во Неврокоп (сега Гоце Делчев), а потоа образованието го продолжува во Солунската машка гимназија. Таму е активен во македонските револуционерни кружоци, каде што се запознава со Гоце Делчев.

По завршувањето на гимназијата, во 1890 година се запишува во воено училиште во Софија. Завршува во1893 година и го добива првиот офицерски чин од бугарската армија - потпоручник и служи во 15 пешадиски полк во Белоградчик. Во Софија формира македонски офицерски братства и се запознава со многу идни војводи на ВМОРО (како Христо Чернопеев, Андреј Андреев и др.)

Токму кога во 1895 година Борис Сарафов добива чин поручник, во Софија, од страна на македонски емигранти е формиран Врховниот Македонски Комитет, на чело со Трајко Китанчев.

Борис Сарафов се согласува со барањето на Китанчев тој да учествува во четничка акција во Македонија- Мелничко востание. Многу е важно е да се спомене дека првиот ВМК, под раководство на Китанчев, не е великобугарска организација, туку организација која што се бори за автономија на Македонија, и станува великобугарска кога нејзин претседател станува бугарскиот генерал Иван Цончев.

Целта на ВМК во тоа време е, преку чести навлегувања на чети во внатрешноста на Македонија, да се предизвика интервенција на Големите сили за исполнување од турска власт на познатиот чл. 23 од Берлинскиот договор, со којшто на Македонија и се дава автономија. Командата на една од тие чети му е предадена на Борис Сарафов.



На 12 јули 1895 година Сарафов со чета од 70 души го напаѓа град Мелник и го зазема. Акцијата добива широк одглас во Европа, а името на Сарафов оеднаш добива голема популарност. Од тој момент, Сарафов се откажува од кариерата во армијата и целосно и се оддава на Македонската револуција. Заедно со Гоце Делчев вршат обиколка во Македонија, каде што се сретнуваат со Даме Груев и ги проучуваат потребите за вооружување и муниција.

Една година подоцна, на VI македонски конгрес, Сарафов е избран за претседател на Комитетот. Додека тој е претседател, ВМК се претвора во организација што дава логистика на ВМОРО во внатрешноста - т.е. ВМК на ВМОРО му обезбедува инструктори, војводи, муниција, оружје и др. До 1901 година Борис Сарафов работи во соработка и полно разбирање со раководителите на ВМОРО.

Во јули 1901 година Сарафов го нарачува убиството на романскиот новинар Стефан Михаилеану, којшто шири пропаганда и клевети против ВМОРО. Односите меѓу Бугарија и Романија се затегнуваат и бугарската полиција го апси Сарафов. Додека Сарафов е во затвор, во ВМК (што дотогаш е организација што и помага на ВМОРО) се случува превврат, и на чело на организацијата застанува Бугаринот Иван Цончев, кој е генерал во бугарската армија. Борис Сарафов, бидејќи во затвор, не може да направи ништо. Тогаш ВМК се обединува соТракиската организација и се преименува во ВМОК (Врховен Македонско-Одрински Комитет).





[illegible]